Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-466/3
Датум: 07-08-2026

Постапувајќи по претставка бр. 08-466/1 од 11.5.2026 година поднесена од ----- против градоначалникот на ----- – ----- за заштита од дискриминација врз основа на друго уверување во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основ на друго уверување во областа на јавно информирање и медиуми од страна на градоначалникот на ----- – ----- кон ----- – жителка на -----.

**О б р а з л о ж е н и е**

На 11.5.2026 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на подносителката ----- против градоначалникот на ----- – -----.

Подносителката појаснува дека настанот кој е повод за поднесување на претставката се случил на 8 мај во 12:04 часот. Имено, на официјалната Фејсбук страница на градоначалникот на -----, -----, бил објавен пост во врска со акција за чистење организирана од градот во повеќе општини. Подносителката во коментарите под објавата, објавила фотографија од депонија лоцирана пред зградата во која таа живее и поставила прашање: *„Дали е можно и тој дел да биде опфатен со акцијата за чистење, со оглед на тоа што подолг временски период нема соодветно решение од надлежната општина“*. Подносителката појаснува дека коментарот не содржел навредлива или несоодветна содржина, туку бил насочен кон пријавување на еколошки проблем и барање информација во врска со можноста за негово решавање. Таа наведува дека неколку минути по објавувањето на коментарот, била целосно блокирана од наведената Фејсбук страница, поради што ѝ бил оневозможен пристап до информации и следење на јавните активности на градоначалникот. Подносителката потенцира дека нејзиното обраќање било коректно и во рамки на јавна комуникација. Во прилог е содржината на коментарот што подносителката го објавила: *„Иницијативата за чистење е прекрасна. Гледам дека пишува дека ќе се опфатат повеќе општини. Се надевам дека ќе се опфати и општина -----. Имаме долгорочен проблем со ѓубрето во населба ----- кој е пријавен неколку пати, но градоначалникот нема слух за истото. Во прилог има слики од денешната состојба. Како да го решиме овој проблем? Дали може инспекцијата почесто да проверува во оваа населба бидејќи луѓето кои се вселуваат постојано оставаат кабаст отпад на тротоарите. Исто така,*

*доколку веќе е таму отпадот, верувам дека треба да е тргнат од службите. Каде треба да се пријавуваат ваквите проблеми освен во општината?“*

Поради блокирање на профилот на подносителката од Фејсбук страницата на градоначалникот, таа смета дека е дискриминирана во пристапот до јавни информации заради друго уверување.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација достави Барање за произнесување по претставката до градоначалникот на -----. Во законски предвидениот рок не беше доставен поднесок за произнесување по претставката до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Во конкретниот случај, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација оцени дека постапувањето на градоначалникот претставува дискриминација врз основа на **друго уверување**, со оглед дека блокирањето на подносителката од официјалната Фејсбук страница било преземено непосредно по објавувањето на нејзиниот коментар, односно поради изразување на нејзиниот став и мислење во однос на прашање од јавен интерес. Дискриминаторската основа „друго уверување“ ја опфаќа заштитата на поединецот од неповолно постапување поради неговите лични убедувања, ставови и мислења, особено кога тие се однесуваат на прашања од јавен интерес и претставуваат остварување на слободата на изразување. Имено, блокирањето на подносителката, односно оневозможувањето на пристапот до Фејсбук страницата не било резултат на нејзино несоодветно однесување на социјлната мрежа, како говор на омраза, навредлива или несоодветна содржина, туку било преземено непосредно по објавување на горенаведениот коментар. Самиот коментар не е со содржина која би можела да се санкционира, туку напротив спаѓа во рамки на слободата на изразување. Особено имајќи предвид дека подносителката е жителка на ----- и поставила прашање, односно дала коментар кој не само што ја засега конкретно неа, туку е и во јавен интерес. Дополнително, Комисијата утврди дека станува збор за официјалната Фејсбук страница која градоначалникот ја користи во вршење на својата јавна функција, преку која редовно објавува информации за работата на -----, донесените одлуки, активностите и други информации кои се од значење за жителите. Со блокирањето на подносителката ѝ бил оневозможен пристап до овие информации, со што неоправдано ѝ бил ограничен пристапот до информации од јавен интерес кои инаку се достапни за останатите граѓани. Комисијата потенцира дека носителите на јавни фунции при користење на официјалните комуникациски канали имаат обврска да ги почитуваат начелата на еднаквост, транспарентност, отчетност и недискриминација. Сепак, тие имаат право да преземаат мерки за спречување на злоупотреби, но не и да преземаат мерки со кои ќе ги исклучуваат граѓаните од јавната комуникација, без разлика дали електронска, поради тоа што изразиле различен став, поинакво мислење или поставиле прашање кое ги засега. Таквата практика создава нееднаква положба помеѓу граѓаните врз основа на нивните уверувања и ставови и

има одвраќачки ефект врз слободното учество во јавната дебата и политичката партиципативност на граѓаните. Ваквото постапување претставува неповолно различно третирање кое е во причинско - последична врска со уверувањето и јавно изразениот став на подносителката. Оттука, Комисијата констатира дека блокирањето на подносителката од официјалната Фејсбук страница на градоначалникот претставува неоправдано ограничување на нејзиниот пристап до информации од јавен интерес и неповолно постапување кое е мотивирано од нејзиното јавно изразено мислење, односно уверување. Со тоа врз подносителката е сторена директна дискриминација врз основа на друго уверување, во областа на јавно информирање и медиуми.

Согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**: *„**Дискриминација е** секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите“.*

Во конкретниот случај станува збор за **директна дискриминација, која согласно член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**: *„постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.“*

Во оваа насока, Европскиот суд за човекови права во рамки на случајот Vladimir Kharitonov v. Russia (10795/14), разгледувал прашање кое е релевантно за правниот проблем од претставка. Во наведениот случај, се работи за ситуација во која Русија блокирала IP адреса поради содржина на една веб-страница, по што биле блокирани и други веб-страници кои не биле поврзани со спорната содржина. Оттука, во конкретниот случај, ЕСЧП утврдил повреда на членот 10 од Европската конвенција за човекови права кој се однесува на слободата на изразување, при што клучниот принцип се однесува на тоа дека државата не смее да блокира интернет ресурси освен во случаи кога тоа е законски оправдано. Преку овој случај, судот потврди дека државите не смеат да користат методи за цензура кои спречуваат пристап до легални информации, правејќи ја државната пракса неспојлива со владеењето на правото во едно демократско општество.

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова Мислење и утврди директна дискриминација врз основа на друго уверување во областа на јавно информирање и медиуми, од страна на градоначалникот на ----- – ----- кон -----.

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

## П Р Е П О Р А К А

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** градоначалникот на ----- – ----- на подносителката- -----да ѝ овозможи пристап до неговата Фејсбук страницата **веднаш, а не подоцна од 30 дена од приемот на ова Мислење и за истото писмено да ја извести Комисијата**.

Доколку лицето не постапи согласно дадената препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Заменик претседател
Зекир Абдулов

Доставено до:
- -----
- -----